**ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш**
ул.Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

# Осигурително Брокерско Друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 Декември 2025 година
## со извештај од независниот ревизор

Радовиш, мај 2026 година

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 3 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 5 |
| Извештај за финансиската состојба | 6 |
| Извештај за готовинските текови | 7 |
| Извештај за промените во капиталот | 8 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 |

Додатоци

Додаток 1 – Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Додаток 2 - Годишна сметка

Додаток 3 - Годишен извештај за работењето

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До акционерите на**
**Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

### Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

**Мислење**
Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица (Друштвото), коишто го вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на (Друштвото) заклучно со 31 декември 2025 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

**Основа за мислење**
Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот *Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи* од овој извештај. Ние сме независни од (Друштвото) во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања .
Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење .

**Одговорности на раководството за финансиските извештаи**
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување,било да е резултат на измама или грешка.
При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа. Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

**Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи**
Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

**Извештај за други правни и регулативни барања**
Раководството на Друштвото исто така е одговорно за подготвувањето на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со членот 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај со историските финансиски податоци објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија , како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Наше мислење е дека историските Финансиски податоци изнесени во годишниот извештај за работењето на (Друштвото) со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Радовиш, 28.05.2026 година

Овластен ревизор:
Стојна Здравева

ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Управител
Стојна Здравева

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
## 31 декември 2025 и 2024 година

(во 000 МКД)

| | Белешка | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 5,513 | 6,197 |
| Останати приходи | 6 | 20 | 170 |
| **Вкупни оперативни приходи** | | **5,533** | **6,367** |
| Потрошени материјали | 7 | 326 | 274 |
| Услуги | 8 | 393 | 524 |
| Амортизација | 11 | 322 | 231 |
| Останати деловни расходи | 9 | 2,591 | 3,230 |
| **Вкупни оперативни расходи** | | **3,632** | **4,259** |
| **Добивка од оперативни активности** | | **1,901** | **2,108** |
| Финансиски приходи | 10 | 0 | 0 |
| Финансиски расходи | 10 | (176) | (93) |
| **Нето финансиски приходи (расходи)** | | **(176)** | **(93)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **1,725** | **2,015** |
| Данок на добивка | 18 | 174 | 202 |
| **Добивка за годината** | | **1,551** | **1,813** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тереза Пиличева

Извршен директор
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## на 31 декември 2025 и 2024 година

(во 000 МКД)

| Средства | Белешка | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 11 | 4,048 | 4,148 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **4,048** | **4,148** |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарување од купувачите | 12 | 1,933 | 1,751 |
| Останати побарувања | 13 | 1,814 | 700 |
| Парични средства | 14 | 3,039 | 2,521 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6,786** | **4,972** |
| **Вкупно средства** | | **10,834** | **9,120** |
| **Главнина** | | | |
| Основна главнина | 15 | 3,075 | 3,075 |
| Резерви | 15 | 307 | 125 |
| Акумилирана добивка | 15 | 1,631 | 0 |
| Добивка за годината | 15 | 1,551 | 1,813 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **6,564** | **5,013** |
| **Обврски** | 16 | | |
| Долгорочни обврски | | 2,394 | 0 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 17 | 930 | 694 |
| Други краткорочни обврски | 18 | 946 | 3,293 |
| Обврски за даноци | 19 | 0 | 120 |
| **Вкупно обврски** | | **4,270** | **4,107** |
| **Вкупно главнина и обврски** | | **10,834** | **9,120** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тереза Пиличева

Извршен директор
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК** (во 000 МКД)

| | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|
| Добивка/Загуба за годината | 1,551 | 1,813 |
| Побарувања од купувачите | (182) | (22) |
| Останати побарувања | (1,114) | 250 |
| Обврски спрема добавувачи | 236 | (405) |
| Тековни даночни обврски | (120) | 35 |
| Останати обврски | (2,347) | 2,290 |
| Долгорочни обврски | 2,394 | 0 |
| **Нето готовински прилив од деловните активности** | **418** | **3,961** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавки/оттуѓувања на материјалните средства | 100 | (3,474) |
| **Нето готовински приливи од инвестициони активности** | **100** | **(3,474)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Резерви | 182 | 78 |
| Акумулирана добивка | (182) | (78) |
| **Нето готовински приливи од финансиски активности** | **0** | **0** |
| **Нето зголемување и намалување на готовинските текови** | 518 | 487 |
| **Парични еквиваленти на почетокот од годината** | 2,521 | 2,034 |
| **Парични еквиваленти на крајот од годината** | **3,039** | **2,521** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тереза Пиличева

Извршен директор
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки.

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
### За годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година

(во 000 МКД)

| | Основачки капитал | Законски резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2025 година** | **3,075** | **125** | **0** | **1,813** | **5,013** |
| Пренос на акумулирана добивка | | 182 | | (182) | **0** |
| Добивка за тековната година | 0 | 0 | 0 | 1,551 | **1,551** |
| **Состојба на 31.12.2025 година** | **3,075** | **307** | **0** | **3,182** | **6,564** |
| | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024 година** | **3,075** | **47** | **0** | **78** | **3,200** |
| Пренос на акумулирана добивка | 0 | 78 | 0 | (78) | **0** |
| Добивка за 2024 година | 0 | 0 | 0 | 1,813 | **1,813** |
| **Состојба на 31.12.2024 година** | **3,075** | **125** | **0** | **1,813** | **5,013** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тереза Пиличева

Извршен директор
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки